Општина Прилеп
Локална самоуправа

Municipality of Prilep
Local government

БР. 10-1060/2
од 20.10.2022 година
Врска бр. 10-2566/1
од 2021 година

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

Врз основа на член 62, став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20) и донесената ПРОГРАМА за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2022 година со Одлука број 09-157/32 од 17.01.2022 година обајвена во Службен гласник на Општина Прилеп бр.01/22 и ПРОГРАМА за измени и дополнување на годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2022 година со Одлука број 09-569/9 од 24.02.2022 година објавена во Службен гласник на Општина Прилеп бр.02/22, донесена од страна на Советот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното

**СООПШТЕНИЕ**
**За спроведување на јавен увид на**

**Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на главен доводен цевковод и пумпни станици на бунари за водоснабдување на с.Канатларци, Општина Прилеп**

**член 1**

Се известуваат граѓаните на Општина Прилеп дека се организира Јавен увид по **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ГЛАВЕН ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД И ПУМПНИ СТАНИЦИ НА БУНАРИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА С.КАНАТЛАРЦИ, ОПШТИНА ПРИЛЕП,** со Технички број: 024/21 изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови ЈП за ПУП Прилеп.

**член 2**

**Проектниот опфат на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ГЛАВЕН ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД И ПУМПНИ СТАНИЦИ НА БУНАРИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА С.КАНАТЛАРЦИ, ОПШТИНА ПРИЛЕП** е опфатен во рамките на урбаниот опфат на Услови за планирање на просторот за ИЗГРАДБА НА ГЛАВЕН ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД И ПУМПНИ СТАНИЦИ ОД ПОСТОЈНИ БУНАРИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА КП 1095, КП 1107, КП 2794, ДО ПОСТОЕН РЕЗЕРВОАР НА КП 116, С.КАНАТЛАРЦИ, КО Канатларци, ОПШТИНА ПРИЛЕП, со бр.Y15921 и Решение за Условите за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со Арх. Бр. УП1-15 1082/2021 од 28.07.2021год.

Според состојбата на терен локацијата која е предмет на изработка на проект за инфраструктура, се наоѓа во КО Канатларци и КО Марул, Општина Прилеп, на надморска височина од 620 до 675 метри. Трасата е со должина од 4869м и истата започнува од бунар 2 (постоен нов бунар) на југ и се протега на северната страна до бунар 1 (постоен нов бунар) и постоен стар бунар и се поврзува кон север со постојниот резервоар. Трасата поврзува три постојни бунари и еден постоен резервоар. Површината на проектниот опфат изнесува околу 20 269,12 м2, односно 2,027 ха.

Проектниот опфат кој е предмет на изработка на Урбанистички проект за инфраструктура, е дефиниран во рамки на катастарски парцели кои се во сопственост на Република Македонија: КП бр. 1024, 1025, 1029/1, 1029/3, 1088, 1095, 1098, 1099, 1106/1, 1107, 1111, 1112, 1113, 1114, 1121, 116, 117, 120, 2793, 2794, 2821, 2822, 2823, 2825, 2835/1, 2839, 2840 КО Канатларци и КП бр. 1421, 1430 КО Марул.

| УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| РЕДЕН БРОЈ | КЛАСА НА НАМЕНА | ПОВРШИНА (М2) | ПРОЦЕНТ (%) |
| | Е1-ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ | | |
| 1 | Е1.5 - ДОВОДИ НА ВОДА И ВОДОВОДНА МРЕЖА | 20222,03 | 99,77% |
| 2 | Е1.5 - БУНАРИ, | 4,34 | 0,02% |
| 3 | Е1.5 - РЕЗЕРВОАРИ, | 9,00 | 0,04% |
| 4 | Е1.5 - ПУМПНИ СТАНИЦИ | 33,75 | 0,17% |
| | ВКУПНО: | 20269,12 | 100,00% |

Постојниот резервоар е на КП бр. 116, КО Канатларци, а додека бунарите се на КП бр. 1095, КП бр. 1107, и КП бр. 2794 КО Канатларци. Предвидена е изведба на главен доводен цевковод и поставување на пумпни станици на бунарите за квалитетно, навремено и постојано водоснабдување на жителите со третирана вода.

## ЈАВЕН УВИД

**На УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ГЛАВЕН ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД И ПУМПНИ СТАНИЦИ НА БУНАРИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА С.КАНАТЛАРЦИ, ОПШТИНА ПРИЛЕП, со Технички број: 024/21 изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови ЈП за ПУП Прилеп** ќе трае 15 дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Прилеп https://www.prilep.gov.mk/ и на официјалната страна од е-урбанизам https://www.e-urbanizam.mk во периодот од 21.10.2022 до 04.11.2022 година за кое време може да се доставуваат евентуални забелешки, секој работен ден од 08.30 до 15.30 во просториите на Општина Прилеп, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

ГРАДОНАЧАЛНИК
На Општина Прилеп
Борче Јовчески

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп

ОБ-НВМ-02